10. IV. 1989

СЛУЖ...
НА СОЦИЈА...

4134 Централна правосудна книжница
Врховног содишча СР Словеније
61000 - ЉУБЉАНА
ул. "Товчарјева" бр. 9

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Скопје
Број 14 Год. XLV

Аконтацијата за 1989 година изнесува 40.000 динари. Овој број чини 1.200 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

**179.**

Врз основа на член 12 од Законот за заштита при работа („Службен весник на СРМ“ бр. 17/87 и 51/88), Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика, по прибавено мислење од Сојузот на синдикатите на Македонија и Стопанската комора на Македонија, на седницата одржана на 6 март 1989 година, донесе

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА ВО ТЕКСТИЛНАТА ИНДУСТРИЈА

### I. ОПШТА ОДРЕДБА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат посебни мерки за заштита при работа при производство на текстилни предива и ткаенини и на готови текстилни производи.

### II. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

**1. Заеднички одредби**

Член 2

Во работните простории во кои поради природата на работа се создава пареа и влага (т. н. влажни текстилни погони), мора да се обезбеди интензивна, природна и вештачка вентилација.

Член 3

На посебно прецизни и осетливи места (воведување и навезување на основата, преработка на фина преѓа, жакарски работи и др.), мора да се обезбеди и дополнително (функционално) осветлување согласно југословенските стандарди.

Член 4

Сите места на кои може да дојде до паѓање на работниците во длабочина како што се канали, базени, дупки и др., мора да бидат обезбедени (покриени, оградени и сл.) и уредно осветлени.

Член 5

При преземањето на смената мора да се провери техничката исправност на машините и уредите за работа.

Додека машините и уредите се во погон забрането е да се чистат, поправаат, подмачкуваат и регулираат.

Член 6

Хемикалиите и боите односно агресивните, нагризувачки и отровни материи и други опасни супстанци кои се користат во текстилната индустрија, мора да се чуваат во посебни простории кои се опремени со уредна вентилација и не се подложни на влага и сончева светлина и топлина.

Просториите во кои се сместени хемиските материи од став 1 на овој член, мора да се обезбедат и обележат со соодветни знаци за предупредување и опасност.

Член 7

Агресивните, нагризувачки и отровни материи мора да се чуваат во соодветна амбалажа.

Садовите, шишињата и другата амбалажа кои се користат за чување киселини, бази и други опасни материи кои не се во оригинално пакување, се обележуваат со етикета која го содржи видот на материјата и упатството на производителот за ракување, како и соодветен знак за предупредување на опасноста.

Член 8

За пресипување на агресивни, нагризувачки и други опасни материи во помали садови, се користат соодветни направи.

Нагризувачките материи истурени на подот не смеат да се собираат и чистат со струготини, крпи и други органски средства, туку се испираат со вода, се неутрализираат со вар и сл.

Член 9

При разредувањето на киселината и базите со вода, киселината и базата треба да се наливаат во водата со лесно и постојано мешање.

Забрането е турање вода во киселина или база.

Член 10

Агресивните хемикалии и други нагризувачки киселини и бази можат да се држат во работна просторија само во количини потребни за еден работен ден.

Хемикалиите од став 1 на овој член во просториите се држат одвоено според нивните видови.

Член 11

Во работните простории каде поради технолошкиот процес постои опасност од експлозија на смеса на воздухот и пареи од лесно запаливи течности и гасови, се преземаат посебни заштитни мерки (зголемено проветрување на просториите, отстранување на секаква опасност од отворен оган, електрични искри, компресии и триења).

Заштитните мерки од претходниот став на овој член се преземаат и во работните простории во кои се вршат технолошки постапки со органски соединенија и оксидациони средства (концентрирана азотна киселина, нитрати, хлорати, перманганати и пероксиди). Оделата и обувките на работниците натопени со овие средства не смеат да се користат без претходно перење.

Член 12

Работните манипулации со хлорати и перхлорати се вршат во посебни простории.

Работниците на кои оделата им се натопени со хлорати не смеат да се приближуваат до отворен оган.

Волнените и памучните крпи (пуцвал) со кои се чистат машините, по употребата се ставаат во метални сандаци со капаци и повремено се уништуваат.

Член 13

Во просториите во кои се чува, подготвува и обработува текстилниот материјал, а особено каде што се чува и преработува синтетика, мора да се преземат мерки против создавање на статички електрицитет и други мерки за заштита од пожар и експлозија (зголемување на релативната влажност на воздухот во просторијата, додавање компоненти на текстилниот материјал кои го спречуваат создавањето на статичкиот електрицитет, заземјување на машините, вградување јонизатори и др.).

Член 14

За заштита на работниците од азбестни влакна кои можат да се вдишуваат или од азбестна прашина која трепери во воздухот, според конкретните потреби, мора да се обезбеди соодветна дишна заштитна опрема, а во одредени случаи и специјална заштитна облека, која одговара на југословенските нормативи и стандарди.

Работната и заштитна опрема и облека од став 1 на овој член мора редовно да се контролира, чисти и одржува и не смее да се изнесува од работната средина.

Член 15

За заштита од прашина, бучава, од агресивни нагризувачки и отровни материи, за заштита од подвижните и вртливи делови на машината, на работниците им се даваат соодветни заштитни средства (одела и обувки, заштитници за уши, мрежи, шамии, ракавици, респираторни маски со филтер, гази со вата и др.).

Член 16

Во работните простории каде се употребуваат хемикалии, прирачната аптека мора да содржи и соодветни средства за неутрализирање на дејството на хемикалиите врз телото и облеката на работниците.

**2. Мерки за заштита при работа во предилница**

Член 17

Работната просторија на предилницата се гради во височина од најмалку 5 м. од подот до најнискиот дел од таванот.

Член 18

Апаратите за навиткување на извлекувачките и дублирките мора да се конструирани така да е невозможно да се вклучи машината во погон ако капакот на валците и цилиндрите е отворен или симнат. Доводните валци и цилиндри на овие машини мора да се заштитени од дофат на рака. Заштитните капаци на нив се обезбедуваат од отворање за време додека машините се во погон (контактни затворачи).

Член 19

Машините за предење и премотување на преѓа се опремуваат со уред за вшмукување на прашина и влакна

Машините за преработување на стаклени и азбестни влакна се опремуваат со додатна направа за локално вшмукување на прашината и слободните влакна.

Член 20

Подвижните делови на машините во предилницата (погонските оски, барабани, водечките лостови, чинии, ексцентри и сл.), кои се на дофат на раката или на друг дел од телото на ракувачот на машината, се заштитуваат со оклоп, се покриваат или на друг начин се заштитуваат од случаен допир со телото на ракувачот.

Отстранување на намотаниот материјал од подвижните делови на машината може да се врши само кога машината е запрена.

**3. Мерки за заштита при работа во ткаачница**

**1) Премотување на преѓа**

Член 21

Автоматските машини за премотување на преѓа во погонот се распоредуваат така да се скрати патот на движење на работниците при нивното послужување со што ќе се намали и степенот на нивната замореност во работата.

Околу машините за премотување на преѓа на калеми мора да биде оставен доволен простор за сместување на сандаците со преѓа и за нивно транспортирање.

Местата за поставување на сандаците со преѓа и за движење на средствата за нивно транспортирање мора да се обележат.

Член 22

За пренесување на сандаците со преѓа намотана на цевки се користи специјална количка комбинирана со дигалка (вилушкар) на акумулаторски погон.

Уредите за подигање и пренесување на сандаците од став 1 на овој член мора да бидат во исправна состојба и управувани од обучени работници.

Ако сандаците со преѓа се затворени, за нивно отворање мора да се користи специјален алат.

Член 23

Работникот кој ја послужува машината за премотување преѓа на калем мора претходно да е запознат со опасностите при работата, особено при ракувањето со ротациониот барабан кога тој истовремено е комбиниран со водачот на преѓата.

Член 24

Машините за премотување на преѓа мора да се оклопени и осигурени со безбедносни прекинувачи кои го спречуваат пуштањето на машината во работа кога заштитниот оклоп не е добро затворен.

Член 25

Забрането е, за време на работа на машината да се отстранува намотаната преѓа на погонскиот валјак или барабан.

Кога калемот за намотување преѓа добива погон од вретеното на кое е сместен, замената на калемот не смее да се врши пред да се запре вретеното.

Вретеното мора да биде запрено и при отстранувањето на прекините на преѓата.

**2) Сновање**

Член 26

Брзоодните машини за ширинско сновање се обезбедуваат со провиден штитник од пластика, плексиглас и сл. за спречување на штетното дејство на воздушното струење и заштита на очите на работникот од евентуални повреди.

Член 27

Кај брзоодните машини за сновање, сопирачките мора секогаш да се во исправна состојба. Сопирањето на овие машини со раце е забрането.

Член 28

При сновањето во ленти, за време на работата на сновалката не смее да се работи со раце околу барабанот на сновалката.

За време на премотувањето на основата од барабанот на основиниот валјак, додека тие се во погон, не смеат да се отстрануваат неправилностите во намотувањето.

Член 29

Ако машината за сновање нема вграден уред за симнување на полните сновачки валци на под, тогаш, нивното симнување и транспортирање до складиштето се врши исклучиво со специјална количка со дигалка, со помош на која валјакот се прифаќа и сместува во количката.

Складирањето на полните сновачки валци се врши на специјални носачи. Доколку такви носачи нема, нивното складирање се врши на подот на исто ниво.

**3) Скробење на основата**

Член 30

При подготвувањето (варењето) на скробната маса мора секогаш да се води сметка за исправноста на безбедносниот вентил и на другите контролни уреди на автоклавот (манометар, термометар, терморегулатор и др.).

Член 31

Отворање на автоклавот може да се врши само кога вентилите за довод на пареа се затворени, грeачите исклучени, а притисокот спуштен на нормала што се чита на манометарот.

Член 32

Во коритото за скробење, сите контролни, безбедносни и регулациони уреди мора да бидат во исправна состојба.

Безбедносните вентили, манометрите, термометрите, кондензационите лонци и другите уреди во сушарата мора секогаш да се под контрола и во исправна состојба, за што се води посебна евиденција за нивната исправност.

Член 33

Ако масата на ваљакот со основата е поголема од 25 кг, а висината на дигањето поголема од 150 см., неговото поставување и симнување од пултот (ногарите) на машината за скробење се врши механизирано, со употреба на специјална количка со дигалка или преносница на товар.

**4) Подготвување на јаток за ткаење и кончење на преѓата**

Член 34

Кај машините за намотување на јаток, заштитниот оклоп мора да биде секогаш во исправна состојба.

Забранета е работа на машините од став 1 на овој член без заштитен оклоп.

Член 35

Сите вретена на машините за кончење на преѓата мора да бидат снабдени со кочници за нивно запирање, кои се активираат со помош на колената.

Забранета е интервенција на вретеното додека истото е во погон.

Член 36

Ѕидовите и плафонот на ткаачницата во која се создава бучава над пропишаните дозволени граници мора да се проектираат и градат така што ќе можат да апсорбираат дел од бучавата на машините за ткаење (облагање на ѕидовите и плафонот со пригушувачи на звукот и др.)

Местата на кои престојуваат и се движат ткаачите мора да бидат изолирани од бетонот со поставување на паркетен под, дрвен подиум кој мора да биде секогаш во исправна и стабилна состојба или друг термоизолационен материјал.

Член 37

Машините за ткаење во работната просторија мора да се распоредени така да се остави доволен простор за несметано и безбедно послужување на разбоите од предната и задната страна и за минување и транспорт на суровините, полуфабрикатите и готовите производи со помош на соодветните транспортни средства.

Член 38

Кај разбоите со совалка мора да биде вграден уред за фаќање на совалката (заштитна лента или мрежа) доколку совалката излета од зевот за време на работата на разбојот.

Уредот од став 1 на овој член треба да е неподвижен за време на работата на разбојот, а при воведувањето на совалката во зевот, да може непречено да се тргне кон брдото за ткаење.

При пуштањето на разбојот во погон, заштитниот уред мора автоматски да заземе заштитна положба.

Член 39

Телесната висина на ткаачот треба да одговара на висината на градниот мост на ткаачкиот разбој, така да, ткаачот може без напор да се испружи при отстранувањето на прекинатите нити од основата за ткаење.

Член 40

Транспортот на празните и полните валци од ткаачкиот разбој се врши со специјални колички прилагодени на димензиите на валците.

**4. Заштитни мерки при оплеменување на текстилни производи**

Член 41

Влажните текстилни погони во кои се испаруваат загреани течности (перална, белилница, бојаџилница, печатница, апретура и др.), се проектираат и градат на начин кој ќе ја спречи кондензацијата на влагата, со интензивна природна и вештачка вентилација и со уреди за уфрлување на топол воздух кога надворешната температура е ниска.

Во просториите од став 1 на овој член како и во другите простории во кои се работи со киселини, бази и други нагризувачки материи, површината на ѕидовите во висина од 2 м. над подот, како и самиот под, се изработуваат од материјали кои се отпорни на нагризување и можат лесно да се мијат и чистат.

**1) Изварување и белење на текстил**

Член 42

Казанот за изварување и белење на текстил под притисок, приклучните доводни и одводни цевоводи и нивната сигурносна арматура, се конструира и поставува така што е исклучена секоја можност од повреда на ракувачот од жешките делови на казанот и инсталациите или од пареата и жешките течности. На вентилите за пареа и течности се ставаат знаци за функцијата и правецот на ракувањето.

Член 43

Казанот за изварување и белење на текстилот се опремува со посебна направа за внесување и изнесување на текстилните материјали од казанот.

Член 44

Пред влегувањето на работниците во котелот за изварување и белење се преземаат следните заштитни мерки:

— во казанот може да се влезе само ако сите вентили се безбедно затворени, казанот оладен и кога во инсталациите нема пареа, жешка вода или база;

— на вентилите за довод на пареа, жешки течности и бази се поставуваат табли со предупредување „работници во казанот";

— за сето време на работа во казанот, раководи лице кое се наоѓа надвор од казанот.

Таблиците за предупредување се симнуваат од вентилите и казанот се пушта во погон дури откако внимателно ќе се провери дека во внатрешноста на казанот нема работници.

Член 45

Мерките за заштита при работа од член 44 на овој правилник се преземаат и при вршење на поправки и други работи на одржување на внатрешноста на казанот.

Член 46

Белење на текстил со натриум-хипохлорит се врши во направи од затворен систем (херметизација).

Подготвување на натриум хипохлоритот од хлор и бази се врши под надзор на стручен работник. На работниците кои учествуваат во подготвувањето на овој раствор им се обезбедуваат заштитни маски со соодветно цедило.

Член 47

Натриум хипохлоритот во прав се чува во херметички затворени садови сместени на ладно и суво место, обезбедено од оган.

Натриум хипохлоритот во раствор се обезбедува од директни сончеви зраци и од допир со киселини, сулфурни соединенија и запаливи материи.

**2) Бојадисување на текстил**

Член 48

Работните простории со отворени кади за бојадисување на текстил се проектираат и градат во височина од најмалку 5 м. од подот до најниската точка на таванот.

Во зимскиот период воздухот за проветрување се загрева заради спречување на магла и нејзино кондензирање по зидовите и таванот на просторијата.

Член 49

Херметички затворените апарати (автоклави) за бојадисување на текстил кои работат под притисок од 5 бари мора редовно да се контролираат, за што се води посебна евиденција.

Член 50

Боите за печатење и боење на ткаенините се мерат и подготвуваат во посебни простории, обезбедени со вентилација и со топла и ладна вода.

За диазотирање на базичните средства за бојадисување се користи интензивно вентилирана просторија.

Член 51

Ротационите делови на мелниците со инкаст отвор за мелење и хомогенизирање на бои за печатење се заштитуваат од допир со рака со помош на решетки или на друг соодветен начин.

Член 52

По употребата на калиумфероцијанид, трагите на соли задолжително се мијат со големо количество вода, за да се отстрани опасноста од појава на отровен цијановодород при евентуален допир на солта со киселини.

**3) Цедење и сушење на текстил**

Член 53

Машините за цедење на текстил (календер, хидраулични фулар и др.), се исклучуваат од погон пред вовлекувањето на ткаенината меѓу валците. Рамнењето на рабовите на ткаенината за време на работа на машината е дозволено само со помош на соодветен прибор.

Член 54

Машините за цедење на текстил мора да имаат заштитна направа (контактор) кој не дозволува вклучување во погон доколку капакот не е затворен.

Кочниците на машините од претходниот став не смеат да се користат ако текстилот содржи лесно запаливи течности.

**4) Апретура**

Член 55

На сите машини каде се користи ултравиолетово или инфрацрвено зрачење мора да се обезбеди соодветна заштита на работниците од таквото зрачење.

Член 56

Во работните простории во кои се изведува т. н. висока апретура, импрегнација или нанес на полиуретани, поливинилацетати, полиакрилати и други слични маси на текстилните производи, кои потоа шаржно или континуирано се сушат во сушари, полимеризираат или поликондензираат во специјални комори, мора да се обезбеди интензивна вентилација заради прочистување на воздухот во просторијата од штетните испарувања и опасни експлозивни гасови.

Во просториите од став 1 на овој член електричната инсталација мора да биде во сигурносна изведба.

**5. Конфекционирање на текстилен материјал**

**1) Сечење, кроење и шиење**

Член 57

Машините за положување на текстилниот материјал на масата за кроење мора да бидат поставени во просторот така да помеѓу нив биде оставен доволно простор за безбедно движење на работниците во широчина од најмалку 70 см.

Член 58

Вклучувањето на ножот за сечење на положениот текстилен материјал мора да биде од едно место. Патеката на сечење на ножот како и самиот нож мора да бидат заштитени со одбивници.

Член 59

Лентестата пила за сечење на текстилен материјал се заштитува по целата должина, освен местото за сечење.

Заштитниот оклоп на пилата треба да е конструиран и изведен така да во случај на прекин на лентата, го спречи излетувањето на делови од пилата кон ракувачот.

Тркалата на пилата од став 1 на овој член се заштитуваат од предната страна и периферно. Водечките тркала се центрираат така да пилата не може да испадне.

Се забранува дотерување на водилицата на листот од пилата додека пилата е во погон.

Член 60

За сечење на потенки слоеви ткаенина, плетенина и на други помали делови на текстилен материјал според модел, се користат соодветни помагала за безбедно придржување.

По завршеното сечење пилата веднаш се исклучува од работа.

Член 61

Кај подвижните машини за кроење, доводот на електрична енергија мора да биде изведен и поставен така да не пречи при кроењето и да не ја загрозува безбедната работа на работниците.

Доколку кроењето се изведува програмирано, потребно е да се заштити работното поле за време на кроењето.

Член 62

Кај машините за кроење со кружни ножеви, прстите на ракувачот се заштитуваат со поставување на специјални заштитни направи (одбивник за прсти).

Слоевите на ткаенина, кои се сечат според кројна слика, се прицврстуваат за да не се вовлекуваат меѓу подлогата и ножевите.

Член 63

Пресата за термофиксирање мора да има заштитник кој го спречува контактот на ракувачот со валците од пресата.

Пресата не смее да се вклучи во работа ако е отворен заштитниот оклоп.

По завршената работа или во случај на прегревање пресата мора веднаш да се исклучи.

Член 64

Специјалните машини за шиење и автоматите кои во својата функција користат нож за израмнување на текстилниот материјал мора да имаат одвод и корпа за собирање на отпадоците.

Член 65

Машините за шиење се обезбедуваат со заштитен одбивник за прсти кој спречува бодење на прстите.

За чување на ножиците на секоја машина за шиење се обезбедува одделно оградено место.

**2) Пеглање**

Член 66

Пресите за пеглање алишта се опремуваат со заштитна справа која за време на работата на пресата ги обезбедува рацете на работникот (дворачна направа за управување и др.)

Кај големите преси со дворачна направа за управување со која ракуваат два работника (на секоја страна по еден) уредите за управување на дворачната направа не смеат независно да функционираат.

Член 67

Чистењето на рачните преси за пеглање (со восок или со други средства), може да се врши само кога доводот на електричната струја е исклучен.

Член 68

Загреаните и врели делови од пресата за пеглање (пароводи и сл.), освен работната површина на пресата, топлотно се изолираат.

Лицето на ракувачот на пресата за пеглање се заштитува од топлотно зрачење со ставање на провиден штитник на пресата или, доколку тоа не е можно, со обезбедување штитник за лицето на ракувачот.

Член 69

Папучиците за нозе кај пресите за пеглање алишта треба да се со рапава површина за да се спречи лизгањето на нозете.

## III. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 70

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 02-1149
6 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика,
проф. д-р **Тито Беличанец**, с. р.

---

**180.**

Врз основа на член 20 став 2 од Законот за тутунот („Службен весник на СРМ" број 8/73 и 29/86), претседателот на Републичкиот комитет за земјоделство, шумарство и водостопанство, во согласност со секретарот на Републичкиот секретаријат за општостопански работи, мало стопанство, туризам и пазар донесува

# ПРАВИЛНИК ЗА ЕДИНСТВЕНИ МЕРИЛА ЗА ПРОЦЕНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА СУРОВИОТ ТУТУН ВО ЛИСТ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат единствените мерила за проценување на квалитетот на суровиот тутун во лист од типовите: ориенталски ароматични тутуни, ориенталски дополнителни тутуни и крупнолисни тутуни, како и типската карактеристика, сортите, терминологијата и класификациониот систем.

Член 2

Тутунот од примарниот производител се презема во сурова состојба — неферментирана состојба.

Одредбите на овој правилник се однесуваат само на исушените матични листови, а не и на филизот.

Член 3

Под суров тутун во лист се подразбираат тутунски листови средени според инсерцијата (бербата), особините на ткаеницата на листот, бојата и степенот на изразените мани и оштетувања.

Средениот тутун, според став 1 на овој член, се презема во производителски бали и се проценува со една класа.

Член 4

Суровиот тутун во лист што се презема не може да содржи повеќе од 16% апсолутна влага, а во спротивно ќе се презема за една класа пониска, а утврдената влажност ќе се одбие од бруто тежината.

Суровиот тутун во лист со влажност преку 20% апсолутна влага, особено вештачки влажениот тутун, не се презема и се враќа на производителот на кондиционирање.

Суровиот тутун во лист од крупнолисните типови тутун — со неисушени главни ребра се враќа на досушување.

Член 5

Типовите односно сортите на тутун кои не се утврдени да се одгледуваат во определен реон се преземаат како дополнителни тутуни од договорените типови на тутун во производниот реон.

Член 6

Содржината на песокот, земјата или некои други примеси што се утврдуваат со вештачење или мерење се одбиваат од тежината на тутунот.

Член 7

Тутуните оштетени од мувла, без оглед дали оштетувањето се гледа или само се осетува со мирисот, се преземаат како мувлосани тутуни.

Член 8

Тутунските отпадоци од ориенталските ароматични и дополнителни типови и сорти тутун (тутунски ситнеж и парчиња од тутунски лист оштетени или деградирани во толкава мера да не можат да се распоредат во ниту една од пропишаните класи) се преземаат од производителот без надоместок.

Член 9

Крупнолисни типови сорти тутун оштетени од град се проценуваат според маната која е доминантна и за една класа пониска од претходната класа во која, со оглед на инсерцијата и другите квалитативни особини, се класираат тие тутуни.

Член 10

Оштетеноста на лисното ткиво кај крупнолисните типови сорти тутун како последица од болести и дефекти на сушење се изразува во проценти, според степенот на оштетеноста при откупот, се одбива од утврдената бруто тежина на тутунот во класите. Ако тој процент е поголем од степенот утврден во описот на мерилата, а помал од 80% од лисното ткиво, тој тутун ќе се откупи ако е употреблив во фабрикација по вредност на мувлосан тутун.

Член 11

Основните карактеристични особини на ориенталските ароматични тутуни се: ароматичност, пријатен вкус при пушењето, ситнолисност, боја, ниска содржина на никотин, добра согорливост.

Член 12

Основните карактеристични особини на ориенталските дополнителни тутуни се: нежност, еластичност, висока волуменозност (полнечка способност), помалку изразена ароматичност, ниска содржина на никотин, пријатен вкус при пушењето и добра согорливост.

Член 13

Основните карактеристични особини на крупнолисните тутуни се: крупнолисноста, фина, нежна, еластична, содржајна и рапава ткаеница со нежно ребро и жива и сјајна боја.

Член 14

Ориенталскиот ароматичен тип на тутун ги опфаќа следните сорти: „Јака", „Џебел" и „Прилеп" со должина на листовите до 20 см.

Ориенталскиот дополнителен тутун ги опфаќа следните сорти:

— „Јака", „Џебел" и „Прилеп" со должина на листовите преку 20 см;

— „Отља", „Бајна Ваштинска Јака", „Дрина" и „Просочан".

Крупнолисните тутуни ги опфаќаат следните типови тутун: „Вирџинија" и „Берлеј".

Член 15

Суровиот тутун во лист што се презема од производителот (ориенталски, ароматични и дополнителни) се класифицира во одредена класа врз основа на следните показатели:

а) инсерција (берба) на листовите;
б) големина (должина) на листовите;
в) миризливост;
г) ткаеница;
д) содржајност;
ѓ) боја на листовите;
е) мани и оштетувања на листот.

треба да го почитуваат уставното начело на заемност и солидарност утврдено во Оддел II став 3 алинеја 6 од Основните начела на Уставот на СР Македонија, кое при распределбата на становите и станбените кредити се изразува со обезбедување доминантно влијание на основот станбена состојба во однос на другите основи.

Со оглед на тоа што во оспорените одредби од Правилникот при распределбата на становите и станбените кредити основот станбена состојба нема доминантно влијание во однос на другите основи, Судот утврди дека членовите 15, 16, 17 и 18 од Правилникот не се во согласност со означеното уставно начело и законските одредби.

Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 124/88
15 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев,** с. р.

**182.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 15 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВААТ Табеларниот преглед за вреднување на работите и работните задачи, составен дел на Правилникот за стекнување, распоредување на доходот и чистиот доход и распределба на средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка, и членот 117 од означениот правилник, донесени од работниците во Работната организација за проектирање „Водостопанство-мелиопроект“ во Скопје, со референдум на 29 јуни 1987 година и на 20 ноември 1987 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во означената работна организација на начин определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 133/88 од 8 февруари 1989 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на табеларниот преглед и на одредбата од Правилникот означени во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за нивната согласност со член 23 став 1 и член 260 став 2 од Уставот на СР Македонија и за нивната спротивност со член 93 став 1 и член 551 став 1 од Законот за здружениот труд.

4. На седницата Судот утврди дека со оспорениот табеларен преглед е извршено вреднување на работите и работните задачи во вкупен износ на бодови, а не по секој од основите предвидени во член 48 од означениот правилник.

Според член 23 став 1 од Уставот на СР Македонија и член 93 став 1 од Законот за здружениот труд работниците во основната организација на здружениот труд се должни да ги утврдат основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи, согласно уставното начело на распределба според трудот и резултатите од трудот.

Со оглед на тоа што со Табеларниот преглед се врши вреднување на работите и работните задачи во вкупен број на бодови, а не се утврдени мерила по секој од основите предвидени со правилникот за распределба на средствата за лични доходи, Судот утврди дека Табеларниот преглед не е во согласност односно е во спротивност со означените уставни и законски одредби.

5. Исто така, Судот утврди дека според членот 117 од Правилникот тој влегува во сила со денот на донесувањето.

Според член 260 став 2 од Уставот на СР Македонија и член 551 став 1 од Законот за здружениот труд самоуправните општи акти не можат да се применуваат пред да се објават.

Со оглед на тоа што со означениот член од Правилникот се утврдува дека тој влегува во сила, па според тоа, и се применува со денот на донесувањето, а не по објавувањето, Судот утврди дека членот 117 од Правилникот не е во согласност односно е во спротивност со наведените уставни и законски одредби.

Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 133/88
15 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев,** с. р.

**183.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 15 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА точката 5 од Одлуката за реорганизација на работата во деловната единица Претставништво во Скопје, донесена од Работничкиот совет на Графичката работна организација „Младост“ во Кочани на 28 март 1988 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во означената работна организација на начин определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 177/88 од 8 февруари 1989 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на одредбата од Одлуката означена во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за нејзината согласност односно спротивност со член 260 став 2 од Уставот на СР Македонија и член 551 став 1 од Законот за здружениот труд.

4. На седницата Судот утврди дека според точката 5 од Одлуката таа влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Според член 260 став 2 од Уставот на СР Македонија и член 551 став 1 од Законот за здружениот труд самоуправните општи акти не можат да се применат пред да се објават.

Со оглед на тоа што со точката 5 од Одлуката е определено дека таа влегува во сила со денот на донесувањето, а не по објавувањето, Судот утврди дека оспорената одредба од Одлуката не е во согласност односно е во спротивност со означените уставни и законски одредби.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 177/88
15 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев,** с. р.

**184.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 15 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВААТ членовите 11, 12 и 15 од Методологијата за вреднување на работите и работ-

ните задачи на работниците во Основната организација на здружениот труд Драма во Скопје, во состав на Работната организација Македонски народен театар во Скопје, донесена со референдум на 27 октомври 1987 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во означената основна организација на начин определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 32/88 од 25 јануари 1989 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на одредбите од Методологијата означени во точката 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за нивната согласност со член 23 став 1 од Уставот на СР Македонија и за нивната спротивност со член 93 став 1 и член 438 од Законот за здружениот труд.

4. На седницата Судот утврди дека според оспорените членови 11 и 12 од Методологијата основите сложеност, одговорност и услови за работа се вреднуваат за секој работник со мерила утврдени во распон, а, пак, според член 15 од Методологијата вреднувањето за секој работник се врши од Работничкиот совет, во рамките на утврдениот распон на бодови.

5. Во член 23 став 1 од Уставот на СР Македонија и член 93 став 1 од Законот за здружениот труд е предвидено дека работниците во основната организација се должни да ги утврдат основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи, а според член 438 од Законот за здружениот труд за основите и мерилата работниците одлучуваат со референдум.

Со оглед на тоа што со членовите 11 и 12 од Методологијата се утврдуваат мерила во распон по основите сложеност, одговорност и услови за работа, а не се врши вреднување на работите и работните задачи на одредено работно место по предвидените основи кои можат да бидат критериуми за изразување и вреднување на сите работни квалитети на работниците, особено на работниците актери, Судот утврди дека оспорените членови 11 и 12 од Методологијата не се во согласност и се во спротивност со означените уставни и законски одредби.

Со оглед на тоа. пак, што со членот 15 од Методологијата Работничкиот совет е овластен да врши вреднување на секој работник, иако во Методологијата не е извршено вреднување на работите и работните задачи по предвидените основи од работниците со референдум, Судот утврди дека означениот член од Методологијата е во спротивност со членот 438 од Законот за здружениот труд.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 32/88
15 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

## ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

**131.**

Врз основа на член 65 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита и Програмата на мерки и активности за заштита на животниот стандард на корисниците на социјална заштита во 1989 година на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, Извршниот одбор на Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, на седницата одржана на 23 март 1989 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НАМЕНСКИ СРЕДСТВА НА ОСИЗ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА ИСПЛАТА ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК НА ХРАНИТЕЛСКИТЕ СЕМЕЈСТВА ШТО ЗГРИЖУВААТ ЛИЦА ВО ПОЛОЖБА ОД СОЦИЈАЛНА ПОТРЕБА ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ — МАРТ 1989 ГОДИНА

1. Се доделуваат наменски средства на ОСИЗ за социјална заштита за исплата паричен надоместок на трошоците на хранителот на хранителските семејства што згрижуваат лица во положба од социјална потреба во периодот јануари — март 1989 година.

2. Паричниот надоместок од точка 1 на оваа одлука се утврдува во месечен износ од 25% од износот на просечниот личен доход остварен во СРМ во последното тримесечје на 1988 година и за периодот јануари — март 1989 година изнесува 128.050 динари.

3. Средствата наменети за исплата на паричниот надоместок од точка 1 на оваа одлука според бројот на хранителите се доделуваат на ОСИЗ за социјална заштита во износ утврдени во Прегледот за распределба на наменските средства за хранителските семејства што згрижуваат лица во положба од социјална потреба за периодот јануари — март 1989 година, од средствата на Републиката.

4. Се задолжуваат ОСИЗ за социјална заштита од точка 3 на оваа одлука доделените средства да ги искористат за намената утврдена во точка 1 на оваа одлука и за тоа да достават извештај до РСИЗ за социјална заштита, со комплетна документација за хранителите во рок од 30 дена од денот на добивањето на средствата.

5. Прегледот од точка 3 е составен дел на оваа одлука.

6. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 08-128/1
23 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот одбор,
**Аница Божиновска**, с. р.

### ПРЕГЛЕД

**за распределба на наменските средства за хранителските семејства што згрижуваат лица во положба од социјална потреба за периодот јануари-март 1989**

| Општина | Сместени лица во др. семеј. | Надоместна трошоци на хранителот I—III/89 | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| Берово | 2 | 384.150 | 768.300 |
| Битола | 14 | „ | 5.378.100 |
| М. Брод | 2 | „ | 768.300 |
| Валандово | 3 | „ | 1.152.450 |
| Виница | 1 | „ | 384.150 |
| Гевгелија | 3 | „ | 1.152.450 |
| Гостивар | 14 | „ | 5.378.100 |
| Дебар | 3 | „ | 1.152.450 |
| Делчево | — | „ | — |
| Демир Хисар | 7 | „ | 2.689.050 |
| Кавадарци | 9 | „ | 3.457.350 |
| Кичево | 14 | „ | 5.378.100 |

| 1 | 2 | 3 | 4 |
|---|---|---|---|
| Кочани | 5 | „ | 1.920.750 |
| Кратово | 2 | „ | 768.300 |
| Кр. Паланка | 10 | „ | 3.841.500 |
| Крушево | 3 | „ | 1.152.450 |
| Куманово | 32 | „ | 12.292.800 |
| Неготино | — | „ | — |
| Охрид | 6 | „ | 2.304.900 |
| Прилеп | 14 | „ | 5.378.100 |
| Пробиштип | — | „ | — |
| Радовиш | — | „ | — |
| Ресен | 5 | „ | 1.920.750 |
| Св. Николе | 5 | „ | 1.920.750 |
| Скопје | 125 | „ | 48.018.750 |
| Струга | 10 | „ | 3.841.500 |
| Струмица | 16 | „ | 6.146.400 |
| Тетово | 15 | „ | 5.762.250 |
| Титов Велес | 5 | „ | 1.920.750 |
| Штип | 1 | „ | 384.150 |
| Вкупно: | 326 | „ | 125.232.900 |

Месечниот износ на надоместок на трошоците на хранителот изнесува 128.050 дин. што претставува 25% од просечниот личен доход остварен во СРМ во последното тримесечје (512,200).

**132.**

Врз основа на член 2 став 1, алинеја 4, член 5 став 1 и член 10 став 3 од Општествениот договор за обезбедување средства, критериуми, постапка и начин на остварување на паричен надоместок на одредени категории граѓани за 1989 година и член 65 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, Извршниот одбор на Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, на седницата одржана на 23 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК ЗА КОМПЕНЗАЦИИ НА КОРИСНИЦИТЕ НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА СМЕСТЕНИ ВО ОЗТ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА МАРТ 1989 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се доделува паричен надоместок, за компензирање на зголемувањето на цените на прехранбените производи (брашно и леб ТИП „850", месото за јадење и пастеризираното млеко), на корисниците на социјална заштита сместени во ОЗТ за социјална заштита за март 1989 година во висина од 11.700 дин. по корисник.

2. Паричниот надоместок од точка 1 на оваа одлука според бројот на сместените корисници на социјална заштита да се исплати на ОЗТ за социјална заштита во износ на средства утврдени во Прегледот за распределба на наменските средства за компензации за месец март 1989 година на корисниците на социјална заштита сместени во ОЗТ за социјална заштита.

3. Се задолжуваат ОЗТ за социјална заштита од точка 2 на оваа одлука доделените средства да ги искористат за намената утврдена во точка 1 на оваа одлука и за тоа да достават извештај до Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, во рок од 30 дена по добивањето на средствата.

4. Износите на средствата утврдени во Прегледот од точка 2 на оваа одлука да се исплатат на ОЗТ за социјална заштита од средствата на Републиката.

5. Прегледот од. точка 2 на оваа одлука е составен дел на оваа одлука.

6. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 08-129/1
23 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот одбор,
**Аница Божиновска,** с. р.

## ПРЕГЛЕД

### за распределба на наменските средства за компензации за месец март 1989 година на корисниците на социјална заштита, сместени во ОЗТ за социјална заштита

| | Сместени корисници | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. Специјален завод Демир Капија | 528 | X | 11.700 | 6.177.600 |
| 2. Детски дом „11 Октомври" — Скопје | 181 | X | „ | 2.117.700 |
| 3. РО „25 Мај" Скопје | 66 | X | „ | 772.200 |
| 4. Дом за доенчиња — Битола | 70 | X | „ | 819.000 |
| 5. „Ѓанка Милановиќ" — Скопје | 70 | X | „ | 819.000 |
| 6. Бања — Банско — Струмица | 60 | X | „ | 702.000 |
| 7. „13 Ноември" — Скопје | 124 | X | „ | 1.450.800 |
| 8. Дом за стари „З. Сајто" Куманово | 94 | X | „ | 1.099.800 |
| 9. Дом за стари „К. К. Платник" | 90 | X | „ | 1.053.000 |
| 10. Дом за стари „С. Рајдер" Битола | 90 | X | „ | 1.053.000 |
| 11. Завод за рехабилитација „Кочо Рацин" | 41 | X | „ | 479.700 |
| 12. Центар за рехабилитација „25 Мај" | 8 | X | „ | 93.600 |
| 13. Завод за рехабилитација „Димитар Влахов" | 20 | X | „ | 234.000 |
| 14. Завод за рехабилитација Скопје | 92 | X | „ | 1.076.400 |
| Вкупно: | 1.534 | | | 17.947.800 |

Бр. 08-129/2
23 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот одбор,
**Аница Божиновска,** с. р.

**133.**

Врз основа на член 65 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита и Програмата на мерки и активности за заштита на животниот стандард на корисниците на социјална заштита во 1989 година на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, Извршниот одбор на Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, на седницата одржана на 23 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НАМЕНСКИ СРЕДСТВА НА ОЗТ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА, ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИОТ СТАНДАРД НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ — МАРТ 1989 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се доделуваат средства за заштита на животниот стандард на вработените во ОЗТ за социјална заштита за периодот јануари — март 1989 година и тоа на:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1) | Специјалниот завод Демир Капија | 75.626.000 | дин. |
| 2) | Домот за доенчиња и мали деца Битола | 72.271.000 | „ |
| 3) | Домот за стари лица „Суе Рајдер“ Битола | 20.192.000 | „ |
| 4) | Заводот за заштита и рехабилитација на деца и младинци — Бања Банско Струмица | 63.639.000 | „ |
| 5) | РО Геронтолошки центар „13 Ноември“ — Скопје | 50.693.00 | „ |
| 6) | РО Детски дом „11 Октомври“ — Скопје | 27.985.000 | „ |
| 7) | РО за згрижување и воспитание на деца и младинци „25 Мај“ — Скопје | 32.259.000 | „ |
| 8) | Заводот за рехабилитација на деца и младинци — Скопје | 35.951.000 | „ |
| 9) | Домот за стари лица „Зафир Сајто“ — Куманово | 13.126.000 | „ |
| 10) | Домот за стари лица „Киро Крстевски — Платник“ — Прилеп | 13.978.000 | „ |
| 11) | Заводот за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов“ — Скопје | 5.185.000 | „ |
| 12) | Заводот за рехабилитација на деца со оштетен слух „Кочо Рацин“ — Битола | 23.525.000 | „ |
| 13) | Заводот за згрижување, воспитание и образование на деца и младинци „Милановиќ Ранка“ — Скопје | 24.548.000 | „ |

2. Средствата од точка 1 на оваа одлука да се исплатат на корисниците од средствата на Републиката.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 08-130/1
23 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот одбор,
**Аница Божиновска**, с. р.

## ПРЕГЛЕД
### за распределба на наменските средства за ОЗТ за социјална заштита за заштита на животниот стандард на вработените за периодот јануари — март 1989 година

| Р. бр. | ОЗТ за социјална заштита | Потребни средства до објавата за I—III 1989 год. | Реализирани сред. за I, II со оценки за III 89 г. | Разлика (недостиг на средства) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Специјален завод Демир Капија | 676.440.000 | 600.814.000 | 75.626.000 |
| 2. | Дом за доенчиња — Битола | 203.453.000 | 131.182.000 | 72.271.000 |
| 3. | Дом за стари Суе Рајдер — Битола | 107.618.000 | 87.426.000 | 20.192.000 |
| 4. | Бања Банско — Струмица | 163.402.000 | 99.763 000 | 63.639.000 |
| 5. | Центар за стари лица 13 Ноември*) — Скопје | 143.571.000 | 92.878.000 | 50.693.000 |
| 6. | Детски дом „11 Октомври“ — Скопје | 149.852.000 | 121.867.000 | 27.985.000 |
| 7. | РО „25 Мај“ — Скопје | 125.891.000 | 93.632.000 | 32.259.000 |
| 8. | Завод за рехабилитација — Скопје*) | 87.431.000 | 51.480.000 | 35.951.000 |
| 9. | Дом за стари „Зафир Сајто“ — Куманово | 97.597.000 | 84.471.000 | 13.126.000 |
| 10. | Дом за стари „К. К. Платник“ — Прилеп | 90.167.000 | 76.189.000 | 13.978.000 |
| 11. | Завод „Димитар Влахов“ — Скопје*) | 141.674.000 | 136.489.000 | 5.185.000 |
| 12. | „Кочо Рацин“ — Битола*) | 114.186.000 | 90.661.000 | 23.525.000 |
| 13. | Ранка Милановиќ — Скопје*) | 134.812.000 | 110.264.000 | 24.548.000 |
| | Вкупно: | | | 458.978.000 |

*) Во ОЗТ за социјална заштита во кои во финансирањето учествуваат и други општествени дејности, во пресметките се земени само вработените што се опфатени преку цените на услугите.

Бр. 08-130/2
23 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот одбор,
**Аница Божиновска**, с. р.

**134.**

Врз основа на член 65 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита и Програмата на мерки и активности за заштита на животниот стандард на корисниците на социјална заштита во 1989 година на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, Извршниот одбор на Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, на седницата одржана на 23 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ПАРИЧНИ НАДОМЕСТОЦИ НА КОРИСНИЦИТЕ НА ОСНОВНИ ПРАВА ОД СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ДОГОВОРЕНОТО НИВО НА СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ ВО ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ — МАРТ 1989 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се доделуваат парични надоместоци на корисниците на социјална заштита за остварување на договореното ниво на социјална сигурност во периодот јануари — март 1989 год. во месечни износи и тоа на:

1) корисниците на правото на постојана парична помош:
   — основна парична помош за носителот на правото 58.685 динари
   — додаток за соуживателот на помошта 23.474 „
2) корисниците на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице 41.080 „

2. Средствата наменети за исплата на паричните надоместоци од точка 1 на оваа одлука да се исплатат на општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита според бројот на корисниците на основни права од социјална заштита и во износи утврдени во Прегледот за распределба на средствата за подигање нивото на социјална заштита до договореното ниво на социјална сигурност согласно Самоуправната спогодба.

3. Се задолжуваат општинските самоуправни интересни заедници од точка 2 на оваа одлука доделените средства да ги искористат за намените утврдени во точка 1 на оваа одлука и за тоа да достават извештај до Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, со комплетна документација за корисниците во рок од 30 дена од денот на добивањето на средствата.

4. Средствата од точка 2 на оваа одлука да се исплатат на општинските самоуправни интересни заедници во износи утврдени во Прегледот од точка 2 на оваа одлука од средствата на Републиката.

5. Прегледот од точка 2 на оваа одлука е составен дел на оваа одлука.

Бр. 08-131/1
23 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот одбор,
**Аница Божиновска,** с. р.

## ПРЕГЛЕД

### за распределба на средствата за подигање нивото на социјална заштита до договореното ниво на соц. сигурност согласно Самоуправната спогодба*)

Табела 1 (000)

| ОСИЗ | Постојана парична помош | | | | Кор-на пар-над. | Износ | Вкупно (3+5+7) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Носит. | Износ | Соуживат. | Износ | | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1. Берово | 72 | 12.676 | 32 | 2.253 | 12 | 1.479 | 16.408 |
| 2. Битола | 162 | 28.521 | 85 | 5.986 | 155 | 19.102 | 53.609 |
| 3. Брод | 86 | 15.141 | 15 | 1.056 | 34 | 4.190 | 20.387 |
| 4. Валандово | 25 | 4.401 | 12 | 845 | 23 | 2.835 | 8.081 |
| 5. Виница | 98 | 17.253 | 40 | 2.817 | 30 | 3.697 | 23.767 |
| 6. Гевгелија | 60 | 10.563 | 8 | 563 | 5 | 616 | 11.742 |
| 7. Гостивар | 127 | 22.359 | 96 | 6.761 | 26 | 3.204 | 32.324 |
| 8. Дебар | 133 | 23.415 | 86 | 6.056 | 37 | 4.560 | 34.031 |
| 9. Делчево | 132 | 23.239 | 49 | 3.451 | 16 | 1.972 | 28.662 |
| 10. Д. Хисар | 48 | 8.451 | 14 | 986 | 11 | 1.356 | 10.793 |
| 11. Кавадарци | 168 | 29.577 | 87 | 6.127 | 44 | 5.423 | 41.127 |
| 12. Кичево | 128 | 22.535 | 63 | 4.437 | 67 | 8.237 | 35.229 |
| 13. Кочани | 179 | 31.514 | 131 | 9.225 | 25 | 3.081 | 43.820 |
| 14. Кратово | 107 | 18.838 | 20 | 1.408 | 8 | 986 | 21.232 |
| 15. Кр. Паланка | 166 | 29.225 | 94 | 6.620 | 28 | 3.451 | 39.296 |
| 16. Крушево | 59 | 10.387 | 8 | 563 | 18 | 2.218 | 13.168 |
| 17. Куманово | 298 | 52.464 | 361 | 25.422 | 85 | 10.475 | 88.361 |
| 18. Неготино | 92 | 16.197 | 51 | 3.591 | 42 | 5.176 | 24.964 |
| 19. Охрид | 119 | 20.950 | 59 | 4.155 | 57 | 7.025 | 32.130 |
| 20. Прилеп | 314 | 55.281 | 268 | 18.873 | 95 | 11.708 | 85.862 |
| 21. Пробиштип | 73 | 12.852 | 50 | 3.521 | 12 | 1.479 | 17.852 |
| 22. Радовиш | 53 | 9.331 | 23 | 1.620 | 17 | 2.095 | 13.046 |
| 23. Ресен | 77 | 13.556 | 29 | 2.042 | 29 | 3.574 | 19.172 |
| 24. Св. Николе | 42 | 7.394 | 17 | 1.197 | 21 | 2.588 | 11.179 |
| 25. Скопје | 1.629 | 286.795 | 1.350 | 95.070 | 160 | 19.718 | 401.583 |
| 26. Струга | 123 | 21.655 | 113 | 7.958 | 43 | 5.299 | 34.912 |
| 27. Струмица | 133 | 23.415 | 96 | 6.761 | 82 | 10.106 | 40.282 |
| 28. Тетово | 267 | 47.007 | 234 | 16.479 | 110 | 13.556 | 77.042 |
| 29. Т. Велес | 138 | 24.296 | 78 | 5.493 | 56 | 6.901 | 36.690 |
| 30. Штип | 50 | 8.803 | 31 | 2.183 | 37 | 4.560 | 15.546 |
| Вкупно: | 5.158 | 908.091 | 3.600 | 253.519 | 1.385 | 170.687 | 1.332.297 |

*) Месечниот износ на корекција за носителот на правото изнесува 58.685 дин., за соуживателот на правото 23.474 дин., а за надоместокот за помош и нега од друго лице 41.080. Корекциите се однесуваат за периодот јануари — март 1989 година.

**135.**

Врз основа на член 65 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита и Програмата на мерки и активности за заштита на животниот стандард на корисниците на социјална заштита во 1989 година на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, Извршниот одбор на Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, на седницата одржана на 23 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ НА СЕМЕЈСТВАТА ВО ПОЛОЖБА ОД СОЦИЈАЛНА ПОТРЕБА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИОТ СТАНДАРД ВО 1989 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се доделува еднократна парична помош на семејствата во положба од социјална потреба, кои што не се стекнале со правото на постојана парична помош, за заштита на животниот стандард во 1989 година во висина од 94.000 динари по семејство.

2. Средствата наменети за исплата на еднократна парична помош на семејствата во положба од социјална потреба во вид на наменски средства се доделуваат на општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита во износи утврдени во Прегледот за исплата на еднократна парична помош на семејствата во положба од социјална потреба што не се стекнале со правото на постојана парична помош.

3. Се задолжуваат општинските самоуправни интересни заедници од точка 2 на оваа одлука доделените наменски средства да ги искористат за намената утврдена во точка 1 на оваа одлука и за тоа да доставаат извештај до Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита со комплетна документација за корисниците во рок од 30 дена од денот на добивањето на средствата.

4. Средствата од точка 2 на оваа одлука да се исплатат на општинските самоуправни интересни заедници во износи утврдени во Прегледот од точка 2 на оваа одлука од средствата на Републиката.

5. Прегледот од точка 2 на оваа одлука е составен дел на оваа одлука.

6. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 08-132/1
23 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот одбор,
**Аница Божиновска,** с. р.

## ПРЕГЛЕД
**за исплата на еднократна парична помош на семејства во положба од социјална потреба што не се стекнале со право на п. п. п.*)**

Табела бр. 3

| ОСИЗ | Бр. на корисници | Сред. за исплата на е. п. п. (000) |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| 1. Берово | 178 | 16.732 |
| 2. Битола | 208 | 19.552 |
| 3. Брод | 60 | 5.640 |
| 4. Валандово | 36 | 3.384 |
| 5. Виница | 77 | 7.238 |
| 6. Гевгелија | 100 | 9.400 |
| 7. Гостивар | 41 | 3.854 |
| 8. Дебар | 97 | 9.118 |
| 9. Делчево | 140 | 13.160 |
| 10. Д. Хисар | 60 | 5.640 |
| 11. Кавадарци | 99 | 9.306 |
| 12. Кичево | 208 | 19.552 |
| 13. Кочани | 323 | 30.362 |
| 14. Кратово | 74 | 6.956 |
| 15. Кр. Паланка | 129 | 12.126 |
| 16. Крушево | 38 | 3.572 |
| 17. Куманово | 111 | 10.434 |
| 18. Неготино | 88 | 8.272 |
| 19. Охрид | 212 | 19.928 |
| 20. Прилеп | 445 | 41.830 |
| 21. Пробиштип | 47 | 4.418 |
| 22. Радовиш | 31 | 2.914 |
| 23. Ресен | 65 | 6.110 |
| 24. Св. Николе | 106 | 9.964 |
| 25. Скопје | 1.058 | 99.452 |
| 26. Струга | 33 | 3.102 |
| 27. Струмица | 211 | 19.834 |
| 28. Тетово | 110 | 10.340 |
| 29. Т. Велес | 357 | 33.558 |
| 30. Штип | 419 | 39.386 |
| Вкупно: | 5.161 | 485.134 |

*) Еднократна парична помош изнесува 94.000 динари по семејство.

**136.**

Врз основа на член 2 став 1 алинеја 4, член 5 став 1 и член 10, став 3 од општествениот договор за обезбедување средства, критериуми, постапка и начин на остварување на паричен надоместок на одредени категории граѓани за 1989 година и член 65 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, Извршниот одбор на Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, на седницата одржана на 23 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НАМЕНСКИ СРЕДСТВА НА ОСИЗ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА ИСПЛАТА НА КОМПЕНЗАЦИИ НА КОРИСНИЦИТЕ НА ОСНОВНИ ПРАВА ОД СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА МЕСЕЦ МАРТ 1989 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се доделуваат наменски средства на Општинските самоуправни интересни заедници за социјална заштита за исплата на паричен надоместок на корисниците на основни права од социјална заштита за месец март 1989 година, во висина од 11.700 динари по корисник.

2. Износите на доделените средства според бројот на корисниците по одделна општинска самоуправна интересна заедница се утврдени во Прегледот за распределба на наменските средства за компензација на корисниците на постојана парична помош за месец март 1989 г. и Прегледот за распределба на наменските средства за компензации за месец март 1989 година за лицата сместени во друго семејство.

3. Се задолжуваат општинските самоуправни интересни заедници, корисници на средствата од точка 2 на оваа одлука, доделените средства со оваа одлука да ги искористат само за намената утврдена во точка 1 на оваа одлука и во согласност со одредбите на Општествениот договор за обезбедување средства, критериуми, постапка и начин на остварување на паричен надоместок на одредени категории граѓани за 1989 година, како и за тоа да поднесат извештај до Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита со комплетна документација за исплатените парични надоместоци по одделни корисници, во рок од 30 дена од денот на обезбедените средства преку Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита.

4. Износите на средствата утврдени во прегледите од точка 2 на оваа одлука да се исплатат на општинските самоуправни интересни заедници од средствата на Републиката.

5. Прегледите од точка 2 на оваа одлука се составен дел на оваа одлука.

6. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 08-133/1
23 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот одбор,
**Аница Божиновска,** с. р.

**П Р Е Г Л Е Д**

**за распределба на наменските средства за компензации на корисници на постојана парична помош за месец март 1989 година**

Табела 4/1

| Општина | Лица кои ќе користат надомест за компензација | Висина на компензација за III (11.700) | Вкупно за исплата |
|---|---|---|---|
| 1. Берово | 112 | 11.700 | 1.310.400 |
| 2. Битола | 210 | „ | 2.457.000 |
| 3. Брод | 192 | „ | 2.246.400 |
| 4. Валандово | 29 | „ | 339.300 |
| 5. Виница | 187 | „ | 2.187.900 |
| 6. Гевгелија | 106 | „ | 1.240.200 |
| 7. Гостивар | 209 | „ | 2.445.300 |
| 8. Дебар | 220 | „ | 2.574.000 |
| 9. Делчево | 359 | „ | 4.200.300 |
| 10. Д. Хисар | 56 | „ | 655.200 |
| 11. Кавадарци | 288 | „ | 3.369.600 |
| 12. Кичево | 697 | „ | 8.154.900 |
| 13. Кочани | 397 | „ | 4.644.900 |
| 14. Кратово | 121 | „ | 1.415.700 |
| 15. Кр. Паланка | 262 | „ | 3.065.400 |
| 16. Крушево | 75 | „ | 877.500 |
| 17. Куманово | 677 | „ | 7.920.900 |
| 18. Неготино | 158 | „ | 1.848.600 |
| 19. Охрид | 169 | „ | 1.977.300 |
| 20. Прилеп | 587 | „ | 6.867.900 |
| 21. Пробиштип | 125 | „ | 1.462.500 |
| 22. Радовиш | 78 | „ | 912.600 |
| 23. Ресен | 74 | „ | 865.800 |
| 24. Св. Николе | 54 | „ | 631.800 |
| 25. Скопје | 3467 | „ | 40.563.900 |
| 26. Струга | 222 | „ | 2.597.400 |
| 27. Струмица | 643 | „ | 7.523.100 |
| 28. Тетово | 507 | „ | 5.931.900 |
| 29. Т. Велес | 249 | „ | 2.913.300 |
| 30. Штип | 68 | „ | 795.600 |
| Вкупно: | 10.598 | „ | 123.996.600 |

Бр. 08-133/2
23 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот одбор,
**Аница Божиновска,** с. р.

**П Р Е Г Л Е Д**

**за распределба на наменските средства за компензации за месец март 1989 година за лицата сместени во друго семејство**

Табела 4/3

| Општина | Сместени лица во друго сем. | Висина на компен. за III 89. | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| 1. Берово | 2 | 11.700 | 23.400 |
| 2. Битола | 14 | „ | 163.800 |
| 3. Брод | 2 | „ | 23.400 |
| 4. Валандово | 3 | „ | 35.100 |
| 5. Виница | 1 | „ | 11.700 |
| 6. Гевгелија | 3 | „ | 35.100 |
| 7. Гостивар | 14 | „ | 163.800 |
| 8. Дебар | 3 | „ | 35.100 |
| 9. Делчево | — | „ | — |
| 10. Д. Хисар | 7 | „ | 81.900 |
| 11. Кавадарци | 9 | „ | 105.300 |
| 12. Кичево | 14 | „ | 163.800 |
| 13. Кочани | 5 | „ | 58.500 |
| 14. Кратово | 2 | „ | 23.400 |
| 15. Кр. Паланка | 10 | „ | 117.000 |
| 16. Крушево | 3 | „ | 35.100 |
| 17. Куманово | 32 | „ | 374.400 |
| 18. Неготино | — | „ | — |
| 19. Охрид | 6 | „ | 70.200 |
| 20. Прилеп | 14 | „ | 163.800 |
| 21. Пробиштип | — | „ | — |
| 22. Радовиш | — | „ | — |
| 23. Ресен | 5 | „ | 58.500 |
| 24. Св. Николе | 5 | „ | 58.500 |
| 25. Скопје | 125 | „ | 1.462.500 |
| 26. Струга | 10 | „ | 117.000 |
| 27. Струмица | 16 | „ | 187.200 |
| 28. Тетово | 15 | „ | 175.500 |
| 29. Т. Велес | 5 | „ | 58.500 |
| 30. Штип | 1 | „ | 11.700 |
| СР Македонија | 326 | „ | 3.814.200 |

Бр. 08-133/1
23 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот одбор,
**Аница Божиновска,** с. р.

**137.**

Извршниот одбор на Собранието на Републичката самоуправна заедница за социјална заштита на седницата одржана на 23. III. 1989 година расправајќи за преземањето мерки и активности за заштита на животниот стандард на лицата и семејствата кои се наоѓаат во положба од социјална заштита, појдувајќи од мерките и активностите зацртани во Програмата за заштита на животниот стандард на работните луѓе и граѓаните во СРМ, Општествениот договор за обезбедување средства, критериуми, постапка и начин на остварување на паричен надоместок на одредени категории граѓани за 1989 година, член 16 од Самоуправната спогодба за заедничките основи за остварување на социјално-заштитните права и Програмата на мерки и активности за заштита на животниот стандард на корисниците на социјална заштита во 1989 година, по расправата врз основа на член 174 од Деловникот на Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за социјална заштита, донесе

**З А К Л У Ч О К**

I. За заштита на животниот стандард на лицата и семејствата во положба од социјална потреба во периодот јануари — март 1989 година, се преземаат следните мерки и активности:

1. Со посебна одлука да се определи повисоко ниво на паричните надоместоци на основните права од социјална заштита, а имено:

1) Постојана парична помош:

а. Основната парична помош за носителот на правото да достигне ниво од 50% од износот на гарантираниот личен доход на Републиката. За таа цел месечниот износ на основната парична помош, утврден со самоуправна спогодба се зголемува уште за 58.685 динари.

б. Додатокот за соуживателот на помошта да достигне ниво од 40% од износот на основната парична помош за носителот на правото. За таа цел се зголемува месечниот износ на додатокот утврден со самоуправна спогодба уште за 23.474 динари.

При исплатата на постојаната парична помош збирот на основната парична помош и додатоците за соуживателите на помошта може да достигне ниво најмногу до износот на гарантираниот личен доход на Републиката.

2) Со посебна одлука да се подигне месечниот износ на паричниот надоместок за помош и нега од друго лице, утврден со самоуправна спогодба, за

уште 41.080 динари со цел да го достигне износот од 70% од износот на основната парична помош за носителот на правото на постојана парична помош.

2. Со посебна одлука да се доделат средства на ОЗТ за социјална заштита, за заштита на животниот стандард на вработените.

3. Со посебна одлука да се обезбеди исплата паричен надоместок на хранителските семејства што згрижуваат лица во положба од социјална потреба во месечен износ од 25% од износот на просечниот личен доход остварен во последното тримесечје на 1988 година во СРМ.

4. Со посебна одлука да им се додели еднократна парична помош во висина од 94.000 динари на семејствата кои се наоѓаат во положба од социјална потреба, а не се стекнале со правото на Постојана парична помош

5. Со посебна одлука да им се додели паричен надоместок на корисниците на основни права од социјална заштита за месец март 1989 година во висина од 11.700 динари за секој корисник, за компензирање зголемените цени на прехранбените производи (брашно и леб ТИП „850", маслото за јадење и пастеризираното млеко).

II. Средства за реализација на мерките за заштита на животниот стандард на корисниците на социјална заштита се обезбедени од Републиката.

Бр. 08-140/1
23 март 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот одбор,
**Аница Божиновска**, с. р.

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

**138.**

Врз основа на член 9 од Самоуправната спогодба за воведување на награда за постигнати вонредни резултати во спроведувањето, унапредувањето и развојот на здравствената заштита во Републиката и член 3 од Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување награди за постигнати вонредни резултати во спроведувањето, унапредувањето и развојот на здравствената заштита во Републиката на предлог на Комисијата за награди во здравството, Собранието на Републичката СИЗ за здравствена заштита, на седницата одржана на 24 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА „СЕДМОАПРИЛСКАТА НАГРАДА" ЗА 1989 ГОДИНА

I

За постигнати вонредни резултати во спроведувањето, унапредувањето и развојот на здравствената заштита во Републиката се доделува „Седмоаприлска награда" за 1989 година на следните здравствени работни организации и поединци:

I. Здравствени организации:

1. Медицински центар — Куманово,

2. Завод за дијализа, нефрологија и рехабилитација — Струга,

3. Станица за трансфузија на крв при Медицинскиот центар — Титов Велес.

II. Поединци:

1. проф. д-р Илија Васков, од Клиниката за максилофацијална хирургија — Скопје,

2. прим. д-р Иван Дејанов, од Републичкиот завод за трансфузиологија — Скопје,

3. д-р Милан Камчев, од Медицинскиот центар — Кавадарци,

4. д-р Ристо Дика, од Здравствениот дом — Крушево.

5. виш. мед. лаб. Цветанка Сандиевска, од Клиниката за детски болести — Скопје.

II

„Седмоаприлска награда" за здравствените организации се доделува како диплома и паричен износ од по 4.000.000 динари (четири милиони динари), а на поединци диплома и парична награда во износ од 1.000.000 динари (еден милион динари).

III

Паричната награда се доделува од средствата за солидарно остварување на заедничките потреби и интереси во Републичката СИЗ за здравствена заштита реден број 11 — доделување на награди за постигнати особени резултати во областа на здравството.

IV

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 08-655/1
24 март 1989 година
Скопје

Претседател,
д-р **Кирил Апостолов**, с. р.

**139.**

Врз основа на член 116 став 2 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ", број 10/83, 43/85 и 40/87), Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Скопје, на заедничка седница на сите собори, одржана на 24 март 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УЧЕСТВОТО НА КОРИСНИЦИТЕ ВО ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Во член 2 став 1 од Одлуката за учеството на корисниците во трошоците за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 44/88), во натамошниот текст: одлука, се вршат следните измени и дополнувања:

— во точка 2 бројката „30%" се заменува со бројката и зборот „1400 динари", и се става точка, а текстот до крајот се брише;

— во точка 3 бројката „5%" се заменува со бројката и зборот „2.500 динари", а текстот „од цената на болничкиот ден утврдена со самоуправниот општ акт на Републичката СИЗ за здравствена заштита", се брише;

— во точката 4 бројката „5%" се заменува со бројката и зборот „2500 динари" по еден болнички ден, а останатиот текст до крајот се брише;

— во точка 5 по зборот „фактор" се става запирка и се додаваат зборовите: „во Заводот за превенција лекување и рехабилитација на кардиоваскуларните заболувања во Охрид и во Заводот за превенција, лекување и рехабилитација на хронични неспецифични белодробни заболувања во Отешево";

— по точка 26 се додава нова точка 27 која гласи:

„27 домашна нега на стари и изнемоштени лица — 1500 динари на ден".

Член 2

По ставот 2 на член 2 се додаваат 2 нови става и тоа: став 3 и став 4 кои гласат:

„Продолжено лекување во смисла на став 1 точка 4 од овој член се смета континуирано продолжување на лекувањето во друга здравствена организација која во лекувањето применува природен фактор (минерална вода, кал и слично) или во организации со примена на специјализирана рехабилитација. Кога корисникот се испраќа на лекување и рехабилитација во Заводот за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања во Охрид, ќе се смета како продолжено лекување ако испраќа-

њето е извршено во време од 6 месеци после прележан акутен инфаркт на срцето односно по извршениот хируршки зафат на срцето (електростимулација, бај-пас и корекција на валвуларни мани). Како продолжено лекување ќе се смета исто така, ако испраќањето во Заводот се врши и по секој нов инфаркт или после секој нов хируршки зафат (електро-стимулација, бај-пас и корекција на валвуларни мани), ако тоа испраќање е извршено во времето од 6 месеци по повторниот инфаркт или повторно извршените наведени хируршки интервенции.

Потребата од продолжено лекување ја оценува надлежната лекарска комисија при општинската (Здружената) СИЗ за здравствена заштита врз основа на предлог од стручниот конзилиум на здравствената организација каде се лекувал корисникот".

Член 3

Членот 3 се менува и гласи:

„Од учество во трошоците при користењето на здравствена заштита, освен при користењето на здравствена заштита од член 2 став 1 точка 1, 5, 6, 7, 8, 10 и 23 од оваа одлука, се ослободуваат:

1. децата, школските деца, школската младина и редовните студенти до крајот на пропишаното траење на студиите, а најдоцна до наполнување на 26-год准 дини од животот;

2. корисниците уживатели на постојана социјална помош и членовите на нивните потесни семејства кои тие ги издржуваат, уживатели на пензија со заштитен додаток и членовите на нивните потесни семејства кои тие ги издржуваат, членовите на семејствата кои остваруваат право на детски додаток, невработените корисници пријавени кај надлежната СИЗ за вработување и членовите на нивните потесни семејства кои тие ги издржуваат доколку немаат други приходи за издржување, учесниците во НОВ кои не се осигурени по друг основ и членовите на нивните потесни семејства кои тие ги издржуваат, дарителите на крв кои дарувале крв повеќе од 10 пати и корисниците кои починале во првите 72 часа од приемот на болничко лекување.

Од учество во трошоците за издавање на лекови на рецепт се ослободуваат деца до 6-годишна возраст, корисници на постојана социјална помош и членовите на нивните потесни семејства кои тие ги издржуваат и корисниците од член 4 на оваа одлука и тоа само кога се издаваат лекови на рецепт во врска со лекување на наведените болести".

Член 5

Во член 4 точка 3 по зборот „хемофилија" точката и запирката се бришат и се додаваат зборовите: „епилепсија и паркисонова болест", а по точка 4 се додава нова точка 5 која гласи:

„За лекување на душевно болни кои поради природата и состојбата на болеста можат да го загрозат својот живот и животот на другите лица или да ги оштетат материјалните добра и на алкохоличарите и наркоманите".

Член 6

Ставот 2 на член 6 се менува и гласи:

„Валоризацијата од став 1 се врши најмалку еднаш годишно".

Член 7

Став 1 на член 10 се менува и гласи: „Оваа одлука влегува во сила и ќе се применува осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ".

Бр. 08-662/1
24 март 1989 година
Скопје

Претседател,
д-р **Кирил Апостолов,** с. р.

# *Огласен дел*

## РЕГИСТАР НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 27 од 3. II. 1989 година, на регистарска влошка бр. 576-09, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на РО за основно образование и воспитание „11 Октомври" — Прилеп, ООЗТ — ОУ „Ѓорче Петров" — с. Ропотово, со следните податоци: Лице овластено за застапување е Талимџиоски Трајче, привремен раководител.

Ѝ престанува овластувањето на Бешоска Елица.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 27/89. (72)

---

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 375 од 4. XI 1988 година, на регистарска влошка бр. 576-17, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на ООЗТ РО на основното образование и воспитание „11 Октомври" — Прилеп, ООЗТ — ОУ „Страшо Пинџур" с. Мало Коњари, со следните податоци: Лице овластено за застапување на ООЗТ е Драгица Цветаноска, индивидуален работоводен орган, со неограничени овластувања.

Му престанува овластувањето на Добривоје Талимџиоски.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 375/88. (73)

---

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 17 од 19. I. 1989 година, на регистарска влошка бр 93, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Самоуправната интересна заедница за патишта — Струга со следните податоци: Лице овластено за застапување на СИЗ е Ристо Маркоски, секретар.

Му престанува овластувањето на Лефтер Даути.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 17/89. (74)

---

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 18 од 19. I. 1989 година, на регистарска влошка бр. 39, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на РО Самоуправна интересна заедница на становање на општина — Струга, со следните податоци: Лице овластено за застапување на СИЗ е Ристо Маркоски, секретар (досегашен в. д. секретар).

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 18/89. (75)

---

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 8 од 7. I. 1989 година, на регистарска влошка бр. 104, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на РО Културна образовна установа „Браќа Миладиновци" — Струга, со следните податоци: Лице овластено за застапување на РО е Крсте Чакар, претседател на привремен одбор.

Му престанува овластувањето на Опетчески Сотир.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 8/89. (76)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 70 од 17. II. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-359-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Основното училиште „Владо Кантарџиев", Ц. О., Гевгелија, ул. „Маршал Тито" бр. 3, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник

Попов Костадин, директор, а се запишува новиот застапник Нелоска Бојана, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 70/89. (84)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 1439/88 од 10. II. 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-2296-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето и конституирањето на занаетчиската задруга под фирма: Занаетчиска услужна монтажна задруга „Продуктивност", Р. О., Гостивар, ул. „Никола Парапунов" бр. 151.

Задругата е основана на 21. VI. 1988 година, со усвојување на Самоуправната спогодба на референдум, за здружување на работните луѓе во Задругата, и тоа Хоџа Шаќир, Дерала Ерџан, Реџаи Пиргози, Нејази Дехари и Зеќир Спахиу.

Основни дејности: 13 браварска; 14 лимарска (изработка на производи од лим и вршење на лимарски услуги); 15 металостругарска; 20. автомеханичарска (поправка и одржување на возила); 42. електроинсталатерска (инсталатери на електрични водови и др.); 68. столарска (изработка и доработка на врати, прозори и други производи од дрво и нивно монтирање); 174. ѕидарска и фасадерска; 175. армирачка; 176. тесарска; 177 покриварска; 179. молерофарбарска; 184. терацерска; 185. стаклорезачка; 187. поплочарска; 189. инсталатерска за водовод, гасни постројки и канализација; 190. инсталатерска за централно греење и уреди за климатизација. Снабдување со репродукционен метаријал за вршење на дејноста.

Споредни дејности: Промет на стоки на мало со непрехранбени производи:

9. градежни, санитарни, инсталациони и огревни материјали; 34. стари работи (делови за автомобили, трактори, машини и мотори) и употребуван градежен материјал (врати, прозори, керамиди, цигли, плочи и др.), ТВ и радио апарати и др. слични работи и предмети, 35. секундарни суровини — отпадоци, собирање, откуп и промет на отпадни материјали и расходувани моторни возила, машини и сл.

Во правниот промет со трети лица, Задругата иступува во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица Задругата одговара со сите свои средства со кои располага, а супсидијарно одговараат и основачите до износ на здружениот влог секој до 10.000 динари.

Лице овластено за застапување е Хоџа Шаќир, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1439/88. (85)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 185 од 24. II. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-704-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Здравствениот дом „Ростуша", Ц. О., с. Ростуша — Гостивар, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник д-р Русе Бошковски, директор, а се запишува новиот застапник д-р Јаков Јаковски, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 185//89. (86)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 1355/88 од 14. II. 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-1794-0-0-0, го запиша во судскиот регистар проширувањето на споредната дејност на Градежната услужна занаетчиска задруга „Полог", Р. О., Гостивар, ул. „Мара Угринова" бб, со следните податоци: Се запишува проширувањето на споредната дејност со:

188 — асфалтерска; 189 — инсталатерска за водовод; гасни постројки и канализација; 190 — инсталатерска за централно греење и уреди за климатизација; 192 — градежно-браварска; 15 — металостругарска; 14 — електроинсталатерска; 75 — изработка на дрвена амбалажа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1355/88. (87)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 118 од 20. II. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-911-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Комбинираната детска установа „Брешиа", Ц. О., Дебар, ул. „8-ми Септември" бб, со следните податоци: Се брише досегашниот в. д. директор Војника Севдије, а се запишува Илиевски Ѓорги, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 118/89. (88)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 1207/88 од 7. II. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-105-0-0-0, го запиша во судскиот регистар проширувањето на споредната дејност на Работничкиот универзитет „Професор Мијалковиќ" — Куманово, ул. „Карл Маркс" 52, со следните податоци: Се запишува проширувањето со следната споредна дејност:

120111 — основно образование од општ тип.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1207/88. (89)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 84 од 8. II. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-796-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Основното училиште „Дитуриа", Ц. О., с. Липково — Куманово, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Алили Ќани, директор, а се запишува новиот застапник Алеми Сали, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 84/89. (90)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 156 од 17. II. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-120-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Централното основно училиште „Светозар Марковиќ" со Ц. О. Старо Нагоричане — Куманово, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Ѓорѓевиќ Бранко, директор, без ограничување, а се запишува новиот застапник Ивановска Мирјана, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 156/89. (91)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 38 од 15. II. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-256-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на фирмата со следните податоци: Се запишува промената на фирмата на Центарот за социјални работи Куманово Ц. О., ул. „Тодор Велков" бр. 4, се менува и во иднина ќе гласи: Центар за социјална работа „Јоско Илиевски", Ц. О., Куманово ул. „Тодор Велков" бр. 4.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 38/89. (92)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 136 од 22. II. 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-2162-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на својството на лицето овластено за застапување на Земјоделската задруга „Студена Вода", Р. О., с. Доброшане — Куманово, со следните податоци: Се запишува промената на својството на досегашниот, в. д. директор, Секирарски Љубомир и се запишува како директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 136/89. (93)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 122 од 21. II. 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-2297-0-0-0, го запиша во судскиот регистар основањето на младинската задруга под фирма: Младинска задруга „„Јасмин" Ц. О. во основање — Кавадарци, ул. „7 Септември" бр. 93 — Кавадарци.

Младинската задруга е основана со самоуправна спогодба за здружување, од следните основачи: Заре Златева, Блаже Аризанов, Иванов Илија, Манева Елица, Илов Стојан, Чачков Пане, Тодоров Тошо, Темелкова Мирјана, Ангелина Настева, Јованов Зоран, Лисичанец Емануел, Миленков Зоран, Капетанова Македонка, Попова Благица, Димова Николина, Манчева Софија, Симовски Зоран, Попов Коце, Стојановски Ратко, Зоран Тасев, Зоран Јовановски, Биљана Темчева, Роберто Ристиќ, Зорица Трачева, Аце Милошев, Донев Благој, Јованче Јошев, Панчо Ичев, Дано Шахпазов и Баже Недев.

Основни дејности:

Дејноста на задругата е организирано вршење помошни, услужни, административни и стручни работи и работни задачи во организациите односно кај работодавецот, односно повремени и привремени работи за кои според прописите за работните односи не се засновува работен однос и тоа:

1. работа која со оглед на процесот на трудот не се врши како постојана и непрекината работа, а трае најдолго 30 работни дена;

2. работа која во организацијата може да трае подолго од 30 дена но не повеќе од 60 дена во една календарска година, во следните случаи:

— работа во комисии кои се формираат врз основа на Закон и други прописи;

— аквизитерски и инкасаторски работи кои се вршат повремено;

— повремено изведување на настава на курсеви и семинари;

— аквизитерски и инкасаторски работи кои се вршат повремено;

— повремено изведување на настава на курсеви и семинари;

— краткотрајно дневно набљудување и посматрање на теренски станици во метеорологијата, хидрологијата, повремени помошни работи на теренските работења во геодетска дејност и геолошките, археолошките, педагошките и слични истражувања; истовремено изведување на културно уметнички и забавни програми (освен во угостителството ако таквиот труд на изведување не им преставува редовно занимање); — продажба на срекки, печат и повремени публикации; примање уплати за спортска прогноза, лото, томбола, надвор од просторијата на организацијата; работа во социјално хуманитарни организации што ја вршат членовите на тие организации; — сезонска продажба на земјоделско-прехранбени производи, предмети од домашна изработка, сувенири и други предмети од туристички карактер ако се вршат на привремени продажни места; — вршење на статистички истражувања и шифрирање на посебни извештаи; — повремено и привремено вршење на работни задачи во земјоделството.

3. Како повремени или привремени задачи се сметаат и работите кои се вршат кај работодавецот.

Како општествено правно лице Задругата ги остварува своите права и должности и работи со трето лице во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица Задругата одговара со сите свои средства.

Лице овластено за застапување е Атанасов Мирослав, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 122/89. (94)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 81 од 8. II. 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-1875-0-0-0, го запиша во судскиот регистар дополнувањето — проширувањето на дејноста на Земјоделската задруга „Дреновска Клисура" РО с. Дреново, со следните податоци: 0135-01350-013500 — собирање и примарна преработка на индустриски отпадоци: индустриски и други корисни отпадоци од железо и челик и од обоени благородни метали;

012321 — производство на амбалажа од дрво;

012322 — производство на градежни елементи од дрво;

012323 — производство на галантерија од дрво и плута.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 81/89. (95)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 100 од 14. II. 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-2060-0-0-0, го запиша во судскиот регистар проширувањето на споредната дејност: на Земјоделската задруга „Агротик", Р. О., Кавадарци, со следните податоци: Се запишува проширувањето на споредната дејност со:

070121 — текстил и конфекција; 070122 — обувки, кожа, гума и пластика;

070123 — метални и електротехнички стоки; 070126 — керамика, стакло и порцелан.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 100/89. (96)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 170 од 24. II. 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-1867-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на својството на лицето овластено за застапување на Молеро фарбарската задруга „Пролет", Р. О., Скопје, ул. „Огњан Прица" бб, со следните податоци: Досегашниот в. д. директор Кочовски Петре се запишува како директор без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 170/89. (97)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 126 од 10. II. 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-1846-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Градежната занаетчиска задруга „Кровомонт" со Р. О. Маџари — Скопје, со следните податоци: Се запишува новиот застапник Властимир Трајчевски, директор, без ограничување, а се брише досегашниот застапник Милошевиќ Драгиша, директор.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 126/89. (98)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 127 од 10. II. 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-1663-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Монтажно инсталатерската градежна задруга „Југоградба", Ц. О. Скопје, ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 36, со следните податоци: Се запишува новиот застапник Кузмановски Иван, директор, без ограничување., а се запишува бришењето на досегашниот застапник Стојановски Ѓорѓи, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 127/89. (99)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 145 од 23. II. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-1744-22-0-0, ја запиша во судскиот регистар промена на лицето овластено за застапување на Работната организација за основно воспитание и образование „Карпош" О. Сол. О. со ООЗТ Скопје ул. „Радика" бр. 9, ООЗТ Основно училиште „Аврам Писевски" с. Бардовци, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Младеновски Борко, директор, а се запишува новиот застапник Станковиќ Радмила, в. д. директор, неограничено.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 145/89. (100)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 36 од 7. II. 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-1984-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на фирмата со следните податоци: Се запишува промената на фирмата на Градежно занаетчиската задруга „Дело", Р. О., Скопје, ул. „Марко Цепенков" бб, се менува и во иднина ќе гласи: Градежна задруга „Дело" Р. О., Скопје, ул. „Марко Цепенков" бб.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 36/89. (101)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 1027/88 од 14. II. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-167-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Машинскиот училишен центар Ц. О., Скопје, булевар „Едвард Кардељ" бр. 24, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Илиевски Петар, директор, а се запишува новиот застапник Ѓоревски Апостол, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1027/88. (102)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 150 од 15. II. 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-1984-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на седиштето со следните податоци: Се запишува промената на седиштето на Градежната задруга „Дело" РО Скопје, наместо ул. „Марко Цепенков" бб, треба да стои ул. „Босанска" бб.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 150/89. (103)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 56 од 8. II. 1989 година, на регистарска влошка бр. 4-1948-0-0-0, го запиша во судскиот регистар престанокот и бришењето на работната заедница со следните податоци: Се запишува бришењето на Работната заедница на Градскиот сојуз на авто-мото друштвата Н. Сол. О., Скопје, ул. „Иво Рибар Лола" бр. 51, во состав на Градскиот сојуз на авто-мото друштвата — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 56/89. (104)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 967/88 од 8. II. 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-2292-0-0-0, го запиша во судскиот регистар запишувањето на општествената организација која врши стопанска дејност под фирма: Спортско друштво „Младинец" нас. Драчево — Скопје, ул. „Димитрија Чуповски" бр. 5, Спортското друштво е формирано со одлука на Месната заедница „Населба Драчево" н. Драчево бр. 0301-204 од 10. VIII. 1983 година.

Основни дејности: 080190 — Угостителска дејност.

Во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица одговара со сите свои средства.

Лице овластено за застапување е Ристески Дуко, технички секретар, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 967/88. (105)

---

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 38 од 8. II. 1989 година, на регистарска влошка бр. 576-19 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на ООЗТ РО на основното образование и воспитание „11 Октомври" — Прилеп, ООЗТ-ОУ „Кирил и Методиј" — Кавадарци, со следните податоци: Лице овластено за застапување на ООЗТ е Стефановски Алексо, директор, со неограничени овластувања (досегашен в. д. директор).

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 38/89. (80)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 1358 од 30. XII. 1988 година, на регистарска влошка бр. 1-31-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Заводот за медицинска рехабилитација „Здравје", Ц. О., Скопје, ул. „Савска" 28, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник д-р спец. Михаил Самарџиски, директор, а се запишува новиот застапник д-р Лилјана Груевска — Угриновска, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 1358/88. (83)

---

## СОДРЖИНА

Страна


179. Правилник за заштита при работа во текстилната индустрија — — — — — — — 241
180. Правилник за единствени мерила за проценување на квалитетот на суровиот тутун во лист — — — — — — — — — 245
181. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 124/88 од 15 март 1989 година — 248
182. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 133/88 од 15 март 1989 година — 249
183. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 177/88 од 15 март 1989 година — 249
184. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 32/88 од 15 март 1989 година — 249

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

СКОПЈЕ

131. Одлука за доделување наменски средства на ОСИЗ за социјална заштита за исплата паричен надоместок на хранителските семејства што згрижуваат лица во положба од социјална потреба за периодот јануари-март 1989 година — — — — — — 250
132. Одлука за доделување паричен надоместок за компензации на корисниците на социјална заштита сместени во ОЗТ за социјална заштита за март 1989 година — 251
133. Одлука за доделување наменски средства на ОЗТ за социјална заштита, за заштита на животниот стандард на вработените во периодот јануари-март 1989 година — — 252
134. Одлука за доделување парични надоместоци на корисниците на основни права од социјална заштита за остварување на договореното ниво на социјална сигурност во периодот јануари-март 1989 година — — 253
135. Одлука за доделување еднократна парична помош на семејствата во положба од социјална потреба за заштита на животниот стандард во 1989 година — — — 254
136. Одлука за доделување наменски средства на ОСИЗ за социјална заштита за исплата на компензации на корисниците на основни права од социјална заштита за месец март 1989 година — — — — — 254
137. Заклучок на Републичката СИЗ за социјална заштита — — — — — — — 255
138. Одлука за доделување на „Седомоаприлската награда" за 1989 година — — — 256
139. Одлука за измени и дополнување на Одлуката за учеството на корисниците во трошоците за здравствена заштита — — 256


---

**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември" бр. 10а. Пошт. фах 51. Телефон 228-204. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје**